08-229/1
14-01-2026

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19) член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по електронска пријава од непознат подносител Државната комисија за спречување на корупцијата на 26 седница одржана на ден 30.12.2025 година донесе

*Одлука*

Постапката по предметот со број 08-2619/1 од 03.10.2024 година, СЕ ЗАПИРА.

Предметот со број 08-2619/1 од 03.10.2024 година да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 08-2619/1 од 03.10.2024 година е оформен по електронска пријава од непознат поднесител во која се дадени наводи за неподнесување на Изјава за имотна состојба и интереси до ДКСК за престанок на функција од страна на ______________________________, членови на Одборот на директори на ______________________________.
Во врска со горенаведеното Државната комисија за спречување на корупцијата изврши увид во својата електронска евиденција и констатира дека за лицата ______________________________ не поседува никакви податоци, додека лицето ______________ има поднесено изјава за имотна состојба и интереси во рок од 30 дена од денот на престанокот на функцијата.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија за спречување на корупцијата се обрати до ________________________________со допис заведен под Наш бр.08-2619/2 од 30.12.2024 година во кој е побарано да се достави актот за престанок на мандатот на претходниот Одбор на директори.

________________________________ достави одговор на нашето барање заведено со нивни бр.03-108/2 од 08.01.2025 година во кој е наведено дека на лица за кои се побарани податоци им престанала функцијата и се разрешени на 03.09.2024 година.

Во врска со тоа ДКСК изготви записници за констатиран прекршок и прекршочни платни налози и истите ги достави до ________________________________ .
Истите ги платиле наведените глоби во износ од 150 евра во рок од 8 дена од приемот на прекршочниот платен налог.

ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино понатамошно постапување во конкретниот случај.
Врз основа на горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Претседател

Адем Чучуљ

**Изготвил:** К.Б, Помлад соработник
**Контролирал:** м-р Н.Т-М, Раководител на одделение
**Согласен:** К.З, Раководител на сектор
**Одобрил:** З.Б, член

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk